МКД “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” од Крањ- Словенија
Цеста 1. Маја 5 - 4000 Крањ - Словенија - Тел / Факс: 064 326 969

# НАШЕ СОНЦЕ

ТЕМЕЛИТЕ НА ФОЛКЛОРНАТА СЕКЦИјА БЕА ПОСТАВЕНИ УШТЕ КОГА ДРУШТВОТО НЕ БЕШЕ НИТИ РЕГИСТРИРАНО, КОГА НЕЗНАЕВМЕ НИ КАКО ЌЕ СЕ ВИКАМЕ, КАКО ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРАВМЕ, А ЗНАЕВМЕ ДЕКА ОРОТО И ПЕСНАТА ЌЕ НЕ ПОВРЗАТ ЌЕ НЕ ЗБЛИЖАТ ОДНОСНО ЗНАЕВМЕ ДЕКА МАКЕДОНЕЦОТ ВО СИТЕ ВРЕМИЊА И КОГА МУ БИЛО НАјТЕШКО, ТОј ПЕЕЛ И ИГРАЛ ЗОШТО СО ПЕСНАТА ГИ ПОБЕДУВАЛ НАјТЕШКИТЕ ВРЕМИЊА.

АТАНАС ПРОДАНСКИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МКД “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИј” ПОВЕЌЕ НА СТРАНА: 6

## Денови на “Свети Кирил и Методиј”

22. 05. ПЕТОК, КОНЦЕРТ НА ДВЕ ГРУПИ: СЕДМИНА ОД РАДОВЛИЦА И СТРУНЕ ОД ЉУБЉАНА - СТРАНА: 5 I 6
23. 05. САБОТА, ЧЕТВРТО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИј” - СТРАНА:
24. 05. НЕДЕЛА, ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ И УЛИЧНА КОШАРКА - СТРАНА: 3
25. 05. ПОНЕДЕЛНИК, ПРЕДАВАЊЕ НА ПРОФ Д-Р ДРАГИ СТЕФАНИЈА - СТРАНА: 3
27. 05. СРЕДА, БРЗОПОТЕЗЕН ШАХОВСКИ ТУРНИР - СТРАНА: 3
29. 05. ПЕТОК: ФОЛКЛОРЕН КОНЦЕРТ НА ТРИ ИГРАОРНИ ГРУПИ:

- КУД “АЛЕКСАНДАР ТУРУНЏЕВ” ОД БИТОЛА - МАКЕДОНИјА - СТРАНА: 12
- “САВА КРАЊ”
- МКД “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИј” КРАЊ - СЛОВЕНИјА

30. 05. САБОТА: ЗАКЛУЧНА ВЕЧЕР СО ПОЧЕТОК ВО 20 ЧАСОТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ИСКРА, ЛАБОРЕ ВО КРАЊ -СТРАНА:

ДВЕГОДИШНО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА МКД “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИј” КРАЊ - СТРАНА: 6

Како рамни по карактер на апостолите и учители на словенските страни. Богомудри Кириле и Методие, молете ГО Господарор на сите, да ги утврдите сите словенски народи во православие и едномислие, да го смири светот и да ги спаси нашите души.

ТРОПАР НА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈА

# НАШЕ СОНЦЕ

МКД "Свети Кирил и Методиј" од Крањ

Цеста 1. Маја 5 - Крањ

Тел / Факс : ( 064 ) 326-969

Година: 1997

БРОЈ : **2**

## Членови на секцијата:

- Билјана Миленкова
- Зоран Продански
- Борче Стојков
- Нина Хладник
- мг. Илија Димитриевски
- Атанас Продански
- Билјана Петрова

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:

**Зоран Продански**

СТРУЧНА ПОМОШ:

мг. Илија Димитриевски & Атанас Продански

Печатено во :

**Сава Крањ**

**Драги читатели**

Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи. Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во друштвото за да бидат објавени во наредниот број.

МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО ДРУШТВО »Св. Кирил и Методиј«
Цеста 1. Мај 5, КРАЊ, тел./факс: 064 326 969

# ОРГАНИЗИРА

6-ти денови на "Св. Кирил и Методиј" - Крањ започнуват
од 22. 05. 1998 до 30. 05. 1998

# ПРОГРАМА

**Петок, 22. 05.**
Концерт на две групи и тоа: Седмина од Радовлица и Струне од Љубљана. Почеток во 20 часот, со карта по 500 СИТ(за сите исто). И двете групи ќе пеат убави македонски песни.

**Сабота, 23. 05.**
Четврто изборно собрание во 10 часот - Шмартинскиот дом - Стражишче
- Рецитал посветен на браќата Свети Кирил и Методиј
- Кратка културна програма на учениците на дополнителната настава по македонски јазик и национална култура
- Настап на музичката секција
- Квиз на познавање на македонски јазик, историја и географија
- Настап на младата фолклорната секција
- Изложба на г-дин Илија Кочовски - македонски уметник и графичар

**Недела, 24. 05.**
Турнир во мал фудбал од отворен тип. Право на учество имаат сите екипи кои ќе се пријават еден сат пред почетокот на турнирот и кои ќе платат стартнина. Контактно лице е Добре Арсовски, тел 064 471 581. За кошарката важат истите правила. Контактно лице е Зоран Продански, тел 064 326 478, во колку биде слабо времето турнирите во малиот фудбал и кошарка ќе се одржат на 31. 05. 1998.

**Понеделник, 25. 05.**
Педавање на проф. д-р. Драги Стефанија. Тема: историја на македонската книжевност. Предавањето ќе се одржи во просториите на местната заедница Стражишче во 20 часот.

**Среда, 27. 05.**
Брзопотезнишаховски турнир од отворен тип. Контактно лице е Станко Атанасов Тел : 325 306 тутнирот ќе се одржи во просториите на местната заедница Стражишче во 17 часот.

**Петок, 29. 05.**
Во месната заедница Стражишче , ќе настапат три играорни групи: "Александар Турунџев" од Битола, "Сава Крањ" и "Св. Кирил и Методиј" од Крањ. Почеток во 20 часот.

**Сабота, 30. 05.**
Во 20 часот ќе почне заклучна вечер во просториите на Искра Лаборе -
- КУП (културно уметничка програма)
- Вечера
- Забава до утринските часови со групата "Македонски глас" од Битола.

Цената на влезниците е 2500 СИТ кои можат да си купат во предпродажба кај г. Стојчовски Методиј (064 326969) или 1 час пред приредбата. Членовите на МКД Крањ имаат 20% попуст (2000 СИТ).

ПОВЕЛЕТЕ И ДОБРО НИ ДОЈДОВТЕ!

Управен одбор на МКД Крањ

# БОЖИЌ 7. 1. 1998 - Крањ

Од 1992. г. откако имаме во Р. Словенија македонски црковен одбор имавме секоја година служби за Христовото раѓање - Божик и за Христовото воскресеније - Велигден, а најголема чест ни направи неговото Блаженство охридски и македонски архиепископ Г.Г. Михаил кога не посети пред Велигден во 1994. г. па така и оваа година имавме исто така голема чест да ги имаме во гости Неговото високо преосвештенство Г. Горазд митрополит европски, заедно со свештеникот Душко Продански. Заедно одржиа прекрасна служба каква до сега уште не ја имаме видено во Р. Словенија.

Зошто на 7. 1. 1998 беше работен ден, службата беше одржана двапати; во 10 и во 17 часот. Одзиво на верниците беше солиден, во двете служби заедно ги имаше преку 230 верници од повеќе краеви во Р. Словенија. Службата се одржи во Роженвенската црква во Крањ.

По службите се одржа втор црковно народни собор на македонската православна заедница "свети Климент Охридски" Крањ - Љубљана во Р. Словенија, во просториите на месната заедница "Стражишче" - Крањ. На соборот беше поднесен извештај за досегашната работа и беше изберен нов црковен одбор. На изборното собрание беа изберени нови (стари) членови за црковен одбор на МПЦЗ "Свети Климент Охридски" во Словенија за 1998-2001 година, тоа се: Гроздан Беќарски-Крањ, Атанас Продански- Крањ, Методи Стојчовски- Крањ, Миле Атанасов- Крањ, Ѓорѓи Вучковски- Јесенице, Сандо Гоговски- Љубљана, Благоја Кулевска- Љубљана, Ванчо Прешленков- Љубљана, Љубен Димкароски- Љубљана, Трајче Андонов- Љубљана, Благоја Настески- Љубљана, Др. Драги Стефанија- Љубљана, Симеон Бацуков- Љубљана, Претставник од МКД Марибор, Претставник од МКД Цеље, Претставник од МКД Копер.

Зоран Продански



# Велигден 1998

Македонските православни верници од цела Словенија се собраа на 19. 04. 1998 во Крањ во 8.30 часот и во Изола во 15.00 часот на света лутургија со отецот Душко Продански од Македонија да го прослават празникот над празниците - Велигден. Со тој празник се остварени сите предвидувања на пророците и мисијата на дванаесет свети апостоли кои беа заедно со Него до пресудувањето односно распнувањето на крст. Празникот Христовото воскресение е меѓу народот познат под името Велигден.

На утринската лутургија беа присутни преку 400 верници меѓу кои беше и Амбасадорот на Р Македонија во Р Словенија господинот д-р Димитар Мирчев, претседателот на МК заедница господинот Наум Таштановски и претседателот на МПЦ д-р Драги Стефанија. Во Изола беа присутни преку 250 македонски верници, советникот на македонската амбасада во Љубљана мг. Трајче Илиевски и осум верници - (римо)католици.

Црковниот одбор на сите верници им го честита празникот со поздрав "Христос воскресна - вистина воскресна" со кои се поздравува се до Спасовден.

За дадената помош во името за здравје црковниот одбор им заблагодарува на сите верници. Верниците од Јесеница, кои по прв пат дојдоа во наша а не во другата црква, им заблагодаруваме и ги замолуваме да ги убедат и оние кои отидоа во другата црква да се вратат во матичната црква - во црква каде се крстени.

Секретар на МПЦ "Св. Климент Охридски"
Господин Атанас Продански

22. 05. Петок - Концерт во Шмартински дом, Стражишче

# Вокално - инструментална група "СТРУНЕ"

Вокално - инструменталната група "СТРУНЕ" веројатно е една од најмалите групи во Р. Словенија. Во составот на групата се шест члена. Дејствуваме година и пол. За тоа време имавме многу концерти при тоа соработувавме со својата програма при отварањата на разни изложби.

Свириме на повеќе инструменти: две виолини, мандолина, труба, гитара, контрабас, харминика и ритмички инструменти. Во групата се двајца вокални солисти и целосна група како вокална придружба.

Сите членови се си единствени во тоа, да македонската народната музика им се многу допаѓа, затоа е наш прв озбилен проект представување на музичката традиција на македонскиот народ. Разноврстноста на ритмите е на ниво на латинско-американската музика, затоа што скоро секоја композиција е во поинаков ритам; тие се со 5-, 7-, 9-, 11- па дури и со 18- осмински такт. Карактеристика на групата е свирење на акустични инструменти.

Изведуваме песни и на другите народи (израелски, грчки, руски, англиски, словенски, хрватски, босански, цигански, староградски и латино- американски). Настапите можат да бидат исклучително самостојни со македонска музика или комбинирани со песните на спомнатите народи. Нашите настапи се повеќето без озвучување (доколку просторот тоа го дозволува), по потреба па може и со озвучување.

Членови на групата се:

- Снежана Димкароска - соло - вокал, виолина, ритмички инструменти
- Љубен Димкароски - соло - вокал, труба, мандолина, ритмички инструменти
- Нарцис Салиховиќ - виолина, придружен вокал
- Жарко Воиновиќ - хармоника и придружен вокал
- Бранко Орлич - гитара, придружен вокал
- Душан Недович - контрабас, придружен вокал

Водител на групата : Љубен Димкароски



22. 05. Петок - Концерт во Шмартински дом, Стражишче

# Седмина



Групата Седмина е формирана во 1977 година од Бено Доленц. Во петгодишното постоење снимиле повеќе музички материали за радио и телевизија, снимиле и две ЛП плочи и еден компакт диск. Од 1982-1990 година господин Бено Доленц настапува сам и во дует со уметничката Клариса М. Јовановиќ изведувајќи негови и нејзини авторски композиции.

Во својот репертоар покрај македонски, босански и грчки народни песни групата изведува и песни од шпанските Евреи. Групата настапувала во Хрватска, Словенија, Македонија, Австрија и Италија под имедо »ДУМА«. Членови на групата "Седмина" се: Клариса М. Јовановиќ - вокал и Бено Доленц - вокал и акустична гитара.

# Двегодишно известување на претседателството на МКД "Св. Кирил и Методиј" Крањ

Во минатите две години нашето претседателство одржа 40 состаноци. Оваа бројка дава јасна слика дека имавме многу работено а и резултатите се тука.

Уште во почетокот на 96. односно кога се формираше тоа претседателство, јасно ми беше дека многу работи моравме да ги почнеме од почетокот. Некои секции веќе беа формирани, додека за некои секции тек се размислуваше дека требе да постојат.

Да бидам по јасен, фолклорната секција веќе го беше достигнала својот врв и беше јасно дека ќе дојде до смена на генерациите и дека ќе требе да се доведат по млади деца на нашите сонародници во фолклорната секција. Тоа се чинеше многу едноставно но реализацијата беше поинаква. Почнавме со 8 до 10 членови и до крајот на нова година имавме повеќе од 40 членови. Во наредната година бројот на членовите се зголеми на 53 и повторно дојде до смена на генерациите, што значи дека од 53 членови паднавме на 26 членови. Тоа беше толку голем осип на членството што ме принуди да размислам зошто доаѓа до тоа, односно што требе да менуваме и доградуваме за да можеме барем пет години да одржиме една генерација. Тоа е потребно бидејќи еден фолклорист колку и да е талентиран требе барем пар години да тренира па да може да рече да нешто знае. Затоа дами и господа по втор пат успеавме да ги одвоиме малите од големите фолклористи и направам две фолклорни секции со два различна термина и со допонување на нови членови на младите фолклористи. Сега работат 26 члена во првата постава и 20 во втората постава

што значи дека бројот на фолклорната секција е 46 членови, 3 музичари и еден кореограф - тренер, што е вкупно 50 членови. Јас верувам дека со паметна политика на водење и со домаќински однос до сите храбри и прави македонски деца ќе постигнеме оваа бројка постепено да расте. За одржување на членството на таа секција потребно е фолклората што повеќе да настапува, барем три до четири пати на разни приредби во Словенија и барем еднаш годишно фолклората да гостува во странство. На тој начин се одржува интересот на младите за членство во фолклората.

Повеќе пати и во разни прилики го потенцираме финансискиот проблем во врска со фолклорната секција. Како што реков бројката на фолклорната секција е 50 членови (верувам дека многу друштва би сакале оваа бројка да ја имаат во своите редови). Фолклорната секција добива годишно 100000 СИТ од македонската заедница и од ЗКО Крањ добива 100 - 180 000 толари годишно. Само за одржување на друштвото и покривање на сите режијски трошоци, за тренинг, кореограф, музика и двораната ни требаат околу 500 000 толари годишно, за набавка за опинци и облека или нешто трето ни требаат уште додатни 100 000толари. За било кој настап во Словенија ни требаат околу 50 000 толари а за гостување во соседните држави ни требаат многу повеќе средства. Само за илустрација да ви кажам дека гостувањето во Битола не кошташе околу 700 000 толари. Во минатите две години купивме 15 пара женски народни носии за источниот сплет и 24 пара опинци од Македонија за што потрошивме околу 150 000 толари плус добивме подарок една хармоника од фамилиата **Костовски.**

Исто така настапивме со целовечерен концерт во Пула и три самостојни концерти во Охрид, Струга и Скопје а бевме учесници на Илинденските денови во Битола, настапивме во Марибор и двапати во Љубљана. На 11. 04. 1998 гостувавме во Радовљица при србското друштво " Вук Караџич ". До Крајот на годината планираме да настапиме во Целје и на меѓународниот фолклорен фестивал во Хановер - Германија. Пред домашната публика ќе настапиме три до четири пати во текот на годината.

**Фудбалската секција** редовно организира турнир во мал фудбал од отворен тип и редовно се натпреварува во зимската дворанска лига. Фудбалската секција зема учество, како на турнирите што ги организират македонските друштва така и на турнирите што ги организираат другите друштва во општината Крањ. Фудбалската секција има постигнато доста видни резултати за што се доказ повеќето пехари за прво второ и трето место. Финансијски се покрива исклучително од спонзори, додека друштвото дотира само стартнина како во зимската лига така и на турнирите каде е одредена стартнина, што значи дека фудбалската секција троши околу 100 000 толари.

**Шаховската секција** за сега е сконцентрирана на доста јакиот и голем шаховски турнир што го организираме во Мај, по повод деновите на "свети Кирил и Методиј". На тој турнир земаат учество и понекои мајстори и кандидати за шаховски мајстори. Благодарение на фирмата "Зебра" односно на господинот Драго, турнирот е доста богат со награди, односно секој по нешто добива, додека друштвото обезбедува простор, табли, судија и три медали.

**Музичката секција** е во склопот на фолклорната секција и за сега работи во домовите на нејзините членови. Секогаш имаат спремени по пар песни и за еднаш сами си ги сносат трошоците.

**Драмската и рецитаторската секција** работат по потреба и нивната активност е поврзана со одредени приредби по повод на некои наши празници. Во периодот кога подготвува некоја претстава таа секција работи по интензивно и се состанува по два до три пати неделно.

**Новинарската секција** иако идејно беше замислена уште 1994 потполно и целосно заживеа дури минатата година ( 1997 ) и е нај заслужна за поголемо информирање на нашите членови, симпатизери и на сите македонци во Р. Словенија за работата на нашето друштво и на сите секции што се во склопот на тоа друштво. Иако таа секција работи релативно кратко време веќе издаде два броја на весникот "Наше сонце", а во тек се и подготовките за издавање на третиот број, што е и цел на членовите на таа секција да издаваат 3 - 4 броја годишно, со кои целосно ќе се информира членството на друштвото и сите наши сонародници за дејноста на нашето друштво и на сите активности што се поврзани со животот и работата на нашите секции и на целотното друштво.

**Дополнителна настава на македонски јазик и национална култура.** На таа тема толку мисли и идеи се искажани да не знам што ново да кажам или да апелирам, а да не се повторам со сите оние што досега се зборувале па и со оние што тек ќе зборуваат на таа тема.

Драги родители јас сум исто така родител на две возрасни македонски деца, самиот добро знам дека денешните деца поинаку размислуваат и се однесуваат кон националната култура и традиција. Но јас сум убеден дека ако вие дома зборувате македонски, ако вие дома ги негувате македонските обичаи, дека децата ќе

почнат полека да се интересираат; па зошто тоа така, па зошто тоа вака, и на крајот ќе ве прашват па од каде сме и што сме. Јас сум убеден драги родители дека постојат уште 100 разни начини да се пробудат македонските гени и да секое ваше дете најде по нешто интересно во некоја од нашите секции, па дури би можеле да формираме и некоја нова секција што ќе ги реализира нивните посебни интереси во врска со нашата национална култура, фолклора и традиција. Таа теза јас не ја зборувам на памет, ако малку по детално погледате ќе видите дека што преку училиштето за дополнителна настава, што преко фолклората, досега има заминато повеќе од 80 до 100 деца. Што значи главните кривци што вашите деца се одродуваат од сѝ што е македонско сте вие родителите. Вие не си ја исполнувате светата должност, а тоа е каде и да бидеш не смееш да си ги скриеш корените, зошто секое дрво или растение без корени се изсушува, односно секој човек без корени ни самиот не знае кој е, што е и од каде е. А сега дозволете ми да се обратам до тие родители кои не си ги krијат корените и се горди македонци кои не мислат само за своите деца туку и за своите внуци. Уште во 1993 година кога беа удрени темелите на дополнителната настава по македонски јазик и национална култура, јас одев од стан до стан, од родители до родители, ги убедував ги молев и последица на тоа беше голем одзив и бројот на учениците беше доста голем.

Потоа направив уште една акција, во училиштето ги двојивме големите од малите и така направивме две секции, рецитаторска и драмска, а малите деца сега имаат мир па и учителот не можеше да предава за прво оделение на малите и на средношколците во исто време. Сега имаме 12 дечиња во школото и 11 членови во драмската и рецитаторската секција, кои преку разни рецитали се запознаваат со македонската историја и книжевност. Дека сите заедно се едно исто докажуваат со заеднички настапи, како на полугодието така и на крајот на годината или било кога и каде да бидат поканети. Јас сум уверен дека било кој од вас поединечно не би можел своето дете да го запознае со се она што децата запознаваат на часовите по дополнителната настава. Вие родителите на кои децата ја посетуваат таа дополнителна настава или се членови на било која секција можете да потврдите дека вашите деца се по паметни, по разгледани и по слободни и кога одат во Македонија и Вие и вашите татковци се горди на вашите деца односно внуци, што знаат да зборуваат македонски и го разбираат својот дедо или баба. Ако оди во продавница или било каде, знае да прочита и да се снајде во татковината на своите родители и со право ја нарекува моја прва или втора татковина. Затоа апелирам до вас дами и господа земете си обврска и покажете им на оние родители кои децата уште не ги пуштаат во училиштето по дополнителна настава дека прават грешка и дека не е доцна да ги доведат своите деца во училиштето или во било која секција, и да им објаснат на своите деца дека не е срамота да бидат македонци, туку да бидат горди што потекнуваат од земја која е запишана во Светото писмо, земја каде се родиле Александар и Самоил, каде се родени светите браќа Кирил и Методи и светите Климент и Наум, кои дадоа писменост на повеќе од 500 милиони луѓе, земја во која е Охрид за кој со право можеме да кажеме дека е втор Ерусалем или земја каде се родија такви познати творци како Григор Прличев, браќата Миладиновци, Кочо Рацин, Никола Вапцаров и многу други творци со кои дури соседните држави се китат и фалат.

Што сме работеле во минатите две години? Веднаш по изборното собрание за ново претседателство во 1996 г. членовите на новото претседателство се прифатија за работа за обележување на деновите посветени на светите Браќа Кирил и Методиј. Тие денови обично ги прославуваме кон крајот на Мај и обично траат од сабота до сабота. Првата сабота беше изборното собрание со КУП, потоа изложба на графички дела од еден македонски и еден словенски уметник. Во неделата организиравме турнир во мал фудбал на кој покрај македонски екипи учествуваат и екипи на другите друштва во општината Крањ. Во средата нашиот драг пријател и долгогодишен соработник универзитетниот професор д-р Драги Стефанија ни предаваше за писменоста односно за установувњето на македонската азбука. Во петокот организиравме шаховски турнир од отворен тип на кој зедоа учество сите шахисти кои беа заинтересирани за учество на тој турнир. Во саботата ги заклучивме целонеделните активности со свечена прослава во ресторанот на Искра - Лаборе со музика од Македонија која не забавуваше до утринските часови.

Кон крајот на Август го обележивме и празникот Света Богородица со традиционалниот пикник кој беше организиран во Свети Дух - Шкофја Лока. На тој пикник имавме музика од Марибор а за пиење јадење и лотарија беа задолжени членовите на нашето претседателство.

Во јануари 1997 г по повод Света Василица односно Нова Година по православниот календар, имавме традиционална средба на сите македонци во Словенија во ресторанот на Искра - Лаборе на која не забавуваше групата "Македонски Бисер" од Македонија.

И така годината си замина и повторно дојдоа деновите на Светите Браќа "Кирил и Методиј". Но овој пат веќе беа јубилејни петти по ред и во чест на тој

мал јубилеј обележувањето на тие денови беше по свечено. Поделивме благодарници на сите членови на друштвото кои со своето учество во работата на друштвото во минатите пет години допринесоа кон изградувањето на друштвото до денешен формат. Го прогласивме и првиот почасен член на МКД "Св. Кирил и Методиј" а тоа беше господинот магистер Илија Димитриевски.

Првата сабота имавме годишно изборно собрание со КУП припремена од нашата фолклора и фолклората на КУД "ИЛИНДЕН" од Јесенице, и рецитација на учениците по дополнителна настава на македонски јазик и национална култура.

По прв пат организиравме и квиз на тема знаење на македонскиот јазик, историја и географија на Македонија. Саботната програма ја заклучивне со изложбата на еден македонски и еден словенски уметни и со мала музичка програма на господин Зоран Митев на фагот.

Понатамошното обележување на деновите на "Свети Кирил и Методиј" се одвиваше по веќе традиционалната програма: турнир во мал фудбал, предавање на проф. Д-р Драги Стефанија, шаховскиот турнир и повторно наследната сабота свечена прослава во ресторанот Искра - Лаборе. На таа свечена прослава зедоа учество скоро сите МКД со своја програма. Настапија, фолклорната секција на МКД "Билјана" од Марибор, пеачкиот збор на МКД Македонија од Љубљана, фолклорната секција на МКД "Илинден" од Јесенице, и нашата фолклорна секција.таму настапи и драмската секција од нашето друштво со краткиот скеч " Магарешка Бунда ". А потоа до утринските часови не забавуваше музичкиот оркестар "Хармонија" од Македонија, а членовите на претседателството се погрижија за богата лотарија.

И така повторно истата слика. Одржуваме три традиционални средби годишно и преку нив успеваме да добиеме средства за покривање на трошоците на нашите секции кои верувам дека и вие ќе се сложите уште активно работат.

Најголем подвиг беше одењето на нашата фолклора во Битола на "Илинденските денови" и турнејата по Западна Македонија на која одржавме три самостојни настапи и тоа во Охрид, Струга и на крајот Скопје. Таа турнеја ја искористивме и за посета на некои туристички и културно - истуриjски места од тој дел на Македонија. Ги посетивме Мавровското езеро, Свети Јован Бигорски, Охрид, Битола, Струга, Калиште,св. Наум, Отешево, Прилеп и Скопје.

Морам да нагласам дека тоа беше подвиг, затоа што тука полагавме испит како организациски така и финансиски и програмски. За 30 членови на фолклората требеше да се обезбедат по 15 000 толари за карта, за автобусот низ Македонија уште 70 000 толари и за првиот ручек и некои билети потрошивме уште околу 150 000 толари, што значи околу 700 000 толари. Другиот проблем беше да три возрасни члена на претседателството моравме 23 младинци да ги одржиме 4 дена без никакви инциденти и третиот испит можеби и најтешкиот успеавме да организираме три концерта во три различни градови и тоа во такви места каде настапуваат врвни фолклористи, за нас беше чест да настапуваме во тие места. Јас повеќе пати јавно се заблагодарував на македонската амбасада односно на секретарот г Трајче па на учителот Шаиноски, и долу во Македонија на МКД Александар Турунџев односно на претседателот и на сите членови како во претседателството така и во фолклорната секција. Исто така се заблагодарувам и на сите спонзори: Сава, Искра, Општината Крањ, ЗКО Крањ, Зебра, Новотекс, Мактобак, Руле Турс и Авиоимпекс. Без таа нивна подршка сум уверен дека тој проект немаше да успее. Кога ги спомнувам сите тие луѓе и фирми, неможам да не кажам да и ние целото претседателство и родителите на фолклористите вложиме големи напори за да целиот проект изведеме без никаков трошок на друштвото. Овде сакам да ја истакнам непроценливата помош на господинот мг. Илија Димитриевски бидејќи сѝ почнуваше со него и сѝ се завршуваше со него. Исто така му се заблагодаруваме на г Борче Стојков за несебичната соработка во неколку секции како драмската - рецитаторската и новинарската секција кои без неговата помош не би можеле така успешно да работат.

Повеќе пати повторувам и можам слободно да речам дека друштвото "Св. Кирил и Методиј" го оправдува постоењето и името што го носи а неговите членови и симпатизери можат да бидат горди на тоа претседателство и на секциите на тоа друштво за таков успех.

БЛАГОДАРАМ
Претседател на МКД
"Св. Кирил и Методиј" од Крањ
Атанас Продански

# Напи се кафе

Доброволната акција што беше побирање за Филип Атанасов донесе приход од 1000 ДЕМ. Да ги соберам тие пари меѓу нашите македонци ми помогна другарот Блаже Минов на кого му се многу заблагодарувам. Шетавме 10 саати од врата на врата, гостопримството на нашите дарователи, со понуденото кафе и пијалок а и со тоа да се мало одмориме ја блажеа нашата умореност. Кога се вратив дома приближно во 11 часот на вечерта, бев многу уморена физички а мојата психа така полна со задоволство. Тија истите луѓе што крпат ден на ден за опстанок и чезнаат да му створат на своите деца добар живот и од тоа што го они имале. Меѓу тија македонци беа и такви што имале само кафе дома ми беше понудено од срце. Задоволна сам со мислите до моите сонародници не ја заборавеја таканареченато гостопријемност и човечката топлина, заспав.

Благодарам на сите дарители - Нина Хладник

23. 05. Сабота

# Ликовна изложба на академскиот ликовни уметник Илија Кочовски



Илија Кочовски е роден 1945 година во Битола. Завршил Академија за ликовна уметност во Белград. Учествувал на повеќе колективни, групни (Ликовната група “77”) и самостојни изложби во сите поголеми градови во Македонија како и во другите држави по светот. По прв пат ќе ги изложи своите дела и во Словенија, во Шмартинскиот дом на Стражишче под спонзорство на МКД »Св. Кирил и Методиј« од Крањ. За својата дела има примено многу награди и дипломи. Илија Кочовски е многу ценет уметник во Македонија како и во светската јавност. Живее и работи во Битола.

# Фолклорна секција

Темелите на фолклорната секција беа поставени уште кога друштвото не беше ниту регистрирано, кога незнаевме ни како ќе се викаме, како ќе се организиравме, а знаевме дека орото и песната ќе не поврзат ќе не зближат односно знаевме дека македонецот во сите времиња и кога му било најтешко, тој пеел и играл зошто со песната ги победувал најтешките времиња.

Па и ние во Крањ и околината не можевме поинаку туку фолклората со младите по срце, со добра волја, односно пар ентузијасти почнавме и се играше се додека не ги пробудивме чувствата на нашите деца и така почнавме да ги доведуваме малите а големите да гледат со восхит и да пуштат по која солза радосница.

- Абаз Џеват кореограф и тренер на фолклорната секција:

Роден сум во 1963 година во населбата Драчево, во Скопје. Со 13 години почнав да играм во КУД Китка од Драчево, а потоа го усовршував мојот фолклорен чекор во КУД Питу Гули. Голема заслуга за моето фолклорно знаење има господинот Љупчо Протигеров, кој беше кореограф на КУД Питу Гули во тоа време. Бев член и на другите културно уметничка друштва како што се: КУД Гоце Делчев, РКУД Охис Наум Наумовски Борче, КУД Орце Николов и д-р На тие друштва сум им благодарен зошто со нив гостував во голем број на градови низ бившата Југославија и во еден дел на Европа: Германија, Франција, Италија, Романија, Бугарија и д-р.

Кога доселив во Љубљана во 1984 година, почнав да соработувам со словеченечки КУД- ови: Емона, Тине Рожанц и Франце Маролт. Најдолго останав во КУД Емона. Со словенечките КУД имав голем број настапи од кои во најубав спомен ми остана турнеите низ Туниз и Мароко. Во сите овие друштва негуват македонски народни сплетови од песни и игри, најголем број од Источна Македонија и Повердарие. Во Љубљана гостуваше поголем број македонски КУД. Така во 1993 година гостуваше и РКУД Охис Наум Наумовски Борче. Со нив настапи и фолклорната група на МКД "Св. Кирил и Методиј" од Крањ. Тогаш се запознав со некои од играорците и со претседателот на МКД »Св. Кирил и Методиј« од Крањ. Тој ме покани да ја преземам нивната фолклорната секција како кореограф. Веднаш почнав со работа и така ја водам веќе 5 години.

- Билјана Миленкова - хармоника

Музиката, песната и играта претставуваат значаен дел од мојот живот. Во фолклорната секција се поврзани сите три елементи. Преку нив се запознаваме со Македонија. Така ја продолжуваме македонската традиција и не дозволуваме да се заборави. Затоа сум член на оваа секција.

- Трајчо Миленков - хармоника

Јас сум член на фолклорната секција затоа што не сакам македонската народна музика и песна да се заборави, да живеат како во Македонија така и тука во Словенија. Сакам луѓето да развиваат чувство за македонскиот народен мелос и да го сочуваат.

- Благица Крстева - Тапан

Македонска музика е голема љубов во мојот живот, таа љубов несебично ја делам со сите симпатизери на ова наше друштво.

- Прва постава на играорците од МКД »Св. Кирил и Методиј« *:*

БИЛЈАНА ПЕТРОВА, ЛИДИЈА БЕЌАРСКА, САШКА ПЕТРОВА, АЛЕКСАНДРА АРСОВСКА, МАРИНА ТАСЕВА, ТАТЈАНА ПРОДАНСКА, РОЗИКА СТОИЛОВА, РОЗИКА СОКЛООВА, ВЕСНА МЛАДЕНОВА, МАРИЈА ВЕЛКОВА, МАЈА ДИМИТРОВА, МАЈА СТОЈАНОВА, БЛАГИЦА ГЕОРГИЕВА, НАТАША ПОСТОЛОВА, МИРЈАМ АБАЗОВА, ДАНИЕЛА КРЖОВСКА, АНДРЕЈА СТОЈЧЕВА, ЗОРАН ПРОДАНСКИ, ВЕНЦО ЗАШЕВ, САШО СТОИЛОВ, ДАНИЕЛ БЕЌАРСКИ, ИГОР ВЕЛКОВ, ГОЦЕ И ДЕЈАН КРСТЕВИ, БЛАГОЈ ГЕОРГИЕВ, ДЕЈАН ЦОНКИНСКИ.

- Втора постава од играорците*:*

САЊА И САНДРА СИМОНОВСКИ, МАЈА И КАТИЦА АТАНАСОВИ, СУЗАНА И ЗОРИЦА РИСТОВСКИ, САШКА И СЛАЃАНА АКСЕНТИЕВИ, КАТИЦА ГЕРАСИМОВА, ДРАГАНА ЕФРЕМОВА, ДАНИЈЕЛ И ДАРКО АТАНАСОВИ, МИРЧЕ МЛАДЕНОВ, ДАНИЕЛ ДИМИТРОВ, ЗЛАТКО АНГЕЛОВ, ОЛИВЕР ИЛИЕВСКИ, ИВИЦА И ГОРАН БОБОЛИНСКИ, ДАНИЕЛ ЕФРЕМОВ.

29.05.1998 ПЕТОК ВО САЛАТА НА ИСКРА - ЛАБОРЕ, КОНЦЕРТ НА

# КУД Александар Турунџев - Битола

...Црно му било пишано,
на Александар Турунџев,
шеснаесет годишен војвода,
на седумнаесет го фатија...

Лоцирано со своите работни простории, непосредно до местото каде што во 1906. год. е обесен, патронот на Друштвото, легендарниот војвода од селото Екшису (Кисела Вода) - Беломорска Македонија - Александар Турунџев, ова Друштво со непрегорен ентизијазам и силни амбиции веќе дваесетина години го паспретува, оживотворува и презентира извонредно богатото и разновидно народно творештво, песната, играта, обичаите, неисцрпна фолклорна ризница, народната култура, која што се богатела и непресушувала низ крвотекот, низ бојата на животот и покрај сите термичини, распнувања и инергност на историјата.



Од основањето до денес Друштвото има дадено преку 600 концерти во Битола, околните населби, блиските градови во Македонија, како и во Југославија, Словенија, Бугарија, Германија, Шведска, Австралија и Турција. Посебен успех има постигнато на настапите на фестивалот "Илинденски Денови" - Битола, Балканскиот фестивал во Охрид и на гостувањата во Германија и Шведска, оставајки силни впечатоци кај љубителите на фолклорот, кои посакуваат и песнопојци на КУД "Александар Турунџев" од Битола.

Во своето скоро дваесеттогодишно постоење и активност КУД "Александар Турунџев" во својот репертоар поставил и интерпретирал голем број на македонски народни ора и песни, но се чини дека најповеќе се истакнаа со извонредно убавите и интересни ора и песни од градот под високиот Пелистер и ширната Пелагонија, како и ора и песни од Егејскиот дел на Македонија и Пиринската Македонија. Посебно во овој временски интервал, настапите на оваа друштво пленуваа и восхитуваа со изведбите на ората и песните, кои како необичен трагач по минатото и традицијата и од "ненадминатиот" творец народот ги црпи, негува и изведува. Во тие изведби Битола е на далеку позната по Старата чаршија, Широк сокак, но и тесните калдрмисани сокаци - улици, (Касапско, Чифте чамче, Горноселско, Дафино, Полјанското, Василичко и др./.

Така КУД "Александар Турунџев" стана вистински мисионер на битолскиот и воопшто македонскиот фолклор и во таа насока ја продолжува својата активност.

Илија Алушевски

## ЈАСМИНКА

ЈАСНА, ЈАСНА
ЈАСМИНКА
СОНЦЕТО ТЕ
МИЛУВА

УБАВО СЕ
СМЕЕ И
РАДОСНО СЕ
ВЕЕ.

ЅВЕЗДИТЕ ЈА
ГЛЕДАТ
СМЕШНО СЕ
ЈИ СМЕАТ.

Сања Симоновска 5. а

## Македонија

МАКЕДОНИЈО МАЈКО МИЛА
ДАЛИ СИ ЧУЛА ДЕКА
ДАЛЕКУ ОД ТВОЕТО СРЦЕ
ИМАШ ИЛЈАДНИЦИ ПОТОМЦИ ТВОИ.

РАЗДЕЛЕНИ ОД КОЛКЛОТ ТВОЈ,
ШТО ВЕЧНО ТЕ НОСАТ ВО СРЦЕ
СО МИСЛИТЕ СВРТЕНИ КОН ТЕБЕ.
СО НАДЕЖ ДЕКА ПАК ЌЕ СЕ
ВРАТИМЕ ВО СКУТОТ ТОПОЛ ТВОЈ.

ЗАТОА ВО ТУЃИНА
ТИ ПЕЕМЕ ПЕСНИ ВЕСЕЛИ
ТЕ УЧИМЕ ОД КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ОД сАМОИЛ, КАРПОШ И ГОЦЕ

ИВИЦА БОБОЛИНСКИ
О.Ш. ЈАКОБ АЉАЖ 3.Ц

## ЈАС И ДРУГАРКАТА МАЈА

ЈАС И ДРУГАРКАТА МАЈА УБАВО СИ
ЖИВЕЕМЕ,
ПОНЕКОГАШ СИ И ПЕЕМЕ.
А КОГА СЕ СКАРАМЕ,
ПАК САКАМЕ ДА СЕ СОСТАВИМЕ

МАЈА Е ПОНЕКОГАШ ЛУТА КАКО ЏИНКА,
КАКО КОГА СЕ КАРАТ ДУШКО И ИЛИНКА.
СЕКОГАШ КОГА СЕ НАЛУТИ СИ ОДИ.
МАЈКАМИ ПАК НАЗАТ ЈА ВОДИ.

ДВЕТЕ СМЕ ПРАВИ МАКЕДОНКИ,
А И ДОБРИ ИГРАОРКИ
КОГА ФАТИМЕ СЕ НА ОРО,
МУЗИКАТА ЗАВРШИ СКОРО.

СМЕ И ДОБРИ ПЛЕТАРИЦИ,
ШТО СИ ПЛЕТЕМЕ РАКАВИЦИ,
КОГА СИ СЕДНЕМЕ КАЈ ЧЕШМАТА
ИЗГЛЕДАМЕ КАКО СТАРИТЕ БАБИ ВО СЕЛАТА.

Соколова Розика

## ТАТКОВИНА

ДУХОТ НА
НАША ТАТКОВИНА,
Е МИР И СЛОБОДА.

ТОПЛИ СРЦА
ЗА РАДОСТ,
ЉУБОВ, СРЕЌА
И МИР.

НА БАЛКАНОТ
СМЕ ТОПЛО
КАТЧЕ ЗА СИТЕ
ДЕЦА ОД ЦЕЛИОТ
СВЕТ.

СИТЕ СМЕ РАДОСНИ
ЗАТОА ШТО ЖИВЕЕМЕ
ВО МИР!

Сања Симоновска 5.а

# Фото албум со играорците на МКД »Св. Кирил и Методиј« од Крањ низ целиот свет 97

Билјана Петрове е прва жена во Македонија која има дозвола за Авион. Тоа да на ги знае страните на небото не е никаков проблем, ни кажува она. Секое толку време слетивме во крај кој никој од нас досега го нема видено.





Првото погрешно слетување ни се случи во Евродизни- Франциска



Втор шок за Џеват »Па, како можевме да слетиме во Каиро (Египт)?????



На Даниел не му се допаѓа атмосферата во Нјујорк- Америка





Од Билјанините полети и слетувања на некои од играорците **вака** им се свртуваше во стомакот

Во Буенос Аирес (Аргентина) го најдовме долго изгубениот син од Зоран



Во Багдад (Ирак) Татјана, Розика и Лидија се омажија за »Шејк Омар Кривоглави Серекеш«



Сандра ја брани Билјана: Па на мене ми се допаѓаат Хаваји



Кога се авионот сруши во Пацифик Сашо не миреше »Животно, мене да ме слушаше до сега ќе стигневме«!!! -Благица:«Ајде, чути тамо«



На крајот и ние имавме среќа и Билјана не доведе во хотелот »Метропол« Охрид каде сите се сместивме во една соба.


ГЛАВНИ СПОНЗОРИ:

**САВА д.д.** КРАЊ
**ИСКРАТЕЛ д.о.о.** КРАЊ
**АВИОИМПЕКС** ЉУБЉАНА
**МАКЕДОНИЈА ТАБАК д.о.о.** ЉУБЉАНА
**НОВАТЕКС д.о.о.** ЉУБЉАНА
**РОЛЕТУРС** СКОПЈЕ

СПОНЗОРИ:

**ЗЕБРА д.о.о** КРАЊ
**ВИНОЈУГ д.о.о.** ШЕНЧУР
**КОРАДО д.о.о.** КРАЊ
**АЛМАКО д.о.о.** ЉУБЉАНА
**АГРОТИМЕ д.о.о.** ЉУБЉАНА

Sava